Tigo.mk

# ПОЛИТИКА ЗА ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ

## ВОВЕД

Оваа политика објаснува како Финансиското друштво ФИНМАК ДОО Скопје (во натамошниот текст: “Контролор”) може да ги користи Вашите лични податоци за цели на директен маркетинг.

## ШТО Е ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ?

Директен маркетинг е секој вид на комуникација остварена на било кој начин со цел испраќање на рекламен, маркетиншки или пропаганден материјал која е насочена директно до идентификуван корисник.

## КАКО ГО КОРИСТИМЕ ДИРЕКТНИОТ МАРКЕТИНГ

Контролорот користи директен маркетинг преку е-маил, смс и телефон.

## КАКОВ ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ ИСПРАЌАМЕ

Директниот маркетинг што може да ви го испрати Контролорот, содржи информации за нови производи и услуги, специјални понуди, промоции и настани.

## КАКО ДА ГИ ДОБИЕТЕ ОВИЕ ИНФОРМАЦИИ

Секој што сака да ги добие овие информации треба да даде согласност за Контролорот да му испраќа директен маркетинг.

Секој може да даде согласност на еден од следниве начини:

- При давање на писмена Изјава за согласност во подружниците на Контролорот и обележување на полето за добивање на директен маркетинг;
- При online аплицирање на веб страната на Контролорот www.tigo.mk и селектирање на полето за добивање на директен маркетинг; и
- При посета на веб страната на Контролорот www.tigo.mk и селектирање “Да” на pop-up прашалникот дали сакате да добивате директен маркетинг.

Следејќи ги одредбите на Законот за заштита на личните податоци, Контролорот може во секое време да демонстрира дека добил валидна согласност и дека води евиденција за тоа кој се согласил за користење на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг, во кој момент и на кој начин.

## КАКО ДА ПРЕСТАНЕТЕ ДА ГИ ДОБИВАТЕ ОВИЕ ИНФОРМАЦИИ

Можете да ја повлечете својата согласност во секое време и да приговарате во кое било време за обработка на вашите лични податоци за цели на директен маркетинг.

Контролорот нуди опции за повлекување на согласност во секое време, бесплатно и едноставно, на следните начини:

- Со поднесување на писмено барање за повлекување на согласност во подружниците на Контролорот или по пошта до седиштето на Контролорот;
- Со поднесување на електронско барање за повлекување на согласност на е-маил адресите на Контролорот; и
- Со от-селектирање на полето за директен маркетинг во Вашиот профил на веб страната на Контролорот www.tigo.mk .

Со повлекување на Вашата согласност Контролорот ќе престане со испраќање на директен маркетинг.

## ИЗМЕНА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ

Како Контролор може да ја ажурираме оваа Политика за директен маркетинг. Ви препорачуваме редовно да ја посетувате нашата интернет страница за најнови информации.

## КОНТАКТИРАЈТЕ НЕ

Информации за контакт на ФД ФИНМАК ДОО Скопје: тел. број: 13 700 e-mail: info@tigo.mk

Информации за контакт на Офицер за заштита на лични податоци: dpo@tigo.mk

Оваа Политика за директен маркетинг е ажурурана на 09.02.2024 година.